2. За претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата "Никола Јанко Вапцаров" - Делчево се именуваат:

а) за претседател

- Љупчо Прачковски, професор во ДСУ "ММ Брицо" - Делчево,

б) за членови:

- Новица Такев, референт во Фондот на ПИОМ-ПЕ-Делчево,

- Влатко Димитровски, професор во ДСУ "ММ Брицо" - Делчево.

Од редот на вработените:

- Станка Георгиевска, книговодител,

- Цвета Дичовска, хигиеничар.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2873/2 Претседател на Владата
14 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1168.**

Врз основа на член 100 став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НАРОДНИОТ МУЗЕЈ - ВЕЛЕС**

1. Од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Народниот музеј-Велес се разрешуваат:

а) претседателот

- м-р Олга Новачева,

б) членовите:

- Сутка Оцедова,

- Јулијана Андонова-Ципевска,

- Павлина Василева,

- Трајанка Јовчевска.

2. За претседател и членови на Управниот одбор на Народниот музеј-Велес се именуваат:

а) за претседател

- Трајанка Јовчевска, виш кустос во Музејот,

б) за членови:

- Јонче Димков, дипл. инженер архитект, началник во Министерството за транспорт и врски, Подрачна единица - Велес,

- Горан Рушитовиќ, дипл. економист,

- Борче Стојанов, м-р по сликарство, претседател на Друштвото на ликовните уметници - Велес.

Од редот на вработените:

- Елица Николова, кустос во Музејот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2844/2 Претседател на Владата
14 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1169.**

Врз основа на член 100 став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МАТИЧНАТА БИБЛИОТЕКА "СТРАШО ПИНЏУР" - НЕГОТИНО**

1. Од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Матичната библиотека "Страшо Пинџур" - Неготино се разрешуваат:
а) претседателот
- Марија Јанева,
б) члeновите:
- Ристо Трајков,
- Павле Трајков,
- Ленче Јанева,
- Сузана Цветкова.
2. За претседател и членови на Управниот одбор на Матичната библиотека "Страшо Пинџур" - Неготино се именуваат:
а) за претседател
- Герасим Мантев, дипл. правник,
б) за членови:
- Лазе Филипов, дипл. економист,
- Вукашин Ристевски, дипл.економист.
Од редот на вработените:
- Сузана Цветкова, библиотекар,
- Цвета Јанева, библиотекар.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1532/3 Претседател на Владата
14 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1170.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА РО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛМОВИ "ВАРДАР-ФИЛМ" - СКОПЈЕ**

1. Дарко Башевски се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Работната организација за производство на филмови "Вардар-филм" - Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3341/2 Претседател на Владата
14 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1171.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА РО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛМОВИ "ВАРДАР-ФИЛМ" - СКОПЈЕ**

1. За вршител на должноста директор на Работната организација за производство на филмови "Вардар-филм" - Скопје се именува Драган Паневски, дипл. економист.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3391/1 Претседател на Владата
14 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1172.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ" - КРУШЕВО**

1. Цена Матеска се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" - Крушево.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3129/2 Претседател на Владата
14 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1173.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ" - КРУШЕВО**

1. За вршител на должноста директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" - Крушево се именува Виолета Трајчевска, виш сообраќаен инженер.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3400/1 Претседател на Владата
14 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1174.**

Врз основа на член 100 став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР ОД РЕДОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР - КУМАНОВО**

1. Горан Илиќ, се разрешува од должноста член на Управниот одбор од редот на вработените на Народниот театар - Куманово.
2. За член на Управниот одбор од редот на вработените на Народниот театар - Куманово се именува Верица Ристевска, актер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3487/2 Претседател на Владата
21 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1175.**

Врз основа на член 100 став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА - БИТОЛА**

1. Од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Зоолошката градина- Битола се разрешуваат:

а) претседателот

- Милан Илиевски,

б) членовите:

- м-р Александар Делов,
- Наим Сулејмани,
- Марика Димитријевска,
- Тони Савевски.

2. За претседател и членови на Управниот одбор на Зоолошката градина - Битола се именуваат:

а) за претседател

- Евгенија Бекташ Јосифовска, советник за култура во општина Битола,

б) за членови:

- Нешат Аземовски од Здружението за заштита на животните "Биосфера" - Битола,
- Горица Марковска, дипл. економист, вработена во ЗИК "Пелагонија" - Битола,
- Томе Крстевски, дипл. машински инж., член на Еколошкото друштво "Молика" - Битола.

Од редот на вработените

- Васил Пејчиновски, негователот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3453/2 Претседател на Владата
21 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1176.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 21 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ТУРИЗАМ**

1. Муарем Бејта се разрешува од должноста директор на Бирото за туризам, орган во состав на Министерството за економија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3301/2 Претседател на Владата
21 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1177.**

Врз основа на член 7 став 3 од Законот за акредитација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За претседател и членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија се именуваат:

а) за претседател

- д-р Љупчо Арсов, професор на Електротехничкиот факултет-Скопје - Институт за електрични мрежи и материјали,

б) за членови:

- Нада Ташкова-Арсова, раководител на одделение во Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Весна Георгиевска, помошник раководител на сектор во Институтот за акредитација на Република Македонија,
- Вецко Буревски, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски,
- Невзат Елези, раководител на сектор во Министерството за здравство,
- Бранислава Јовановска, раководител на Центарот за квалитет и стандардизација при Стопанската комора на Македонија,
- Софија Кузмановска, раководител на одделение во Министерството за економија,
- Панче Николовски, раководител на одделение во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Данчо Пендовски, раководител на одделение во Бирото за метрологија,
- Жаклина Сековска, раководител на одделение во Институтот за стандардизација на Република Македонија,
- д-р Милан Косевски, професор на Машинскиот факултет - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3267/2 Претседател на Владата
21 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1178.**

Врз основа на член 666 став 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/2000, 31/2001, 50/2001, 6/2002 и 61/2002) и член 8 став 1 од Одлуката за преобразба на Јавното претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија "Електростопанство на Македонија" - Скопје во Акционерско друштво во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО "ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА" ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ**

1. За генерален директор на Акционерското друштво "Електростопанство на Македонија" во државна сопственост - Скопје се именува д-р Панде Лазаров, досегашен вршител на должноста генерален директор на Акционерското друштво.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3507/1 Претседател на Владата
21 јули 2003 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1179.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000 и 17/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јули 2003 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД - ДЕМИР КАПИЈА**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната установа Специјален завод - Демир Капија се именуваат:

- Киро Глигоров, дипл. инженер,

- Зоран Мишев, дипл. инженер,
- Живко Пејковски, дипл инженер.

Од редот на стручните работници во установата:
- Стефанија Петрова, дипл. дефектолог,
- Вера Јованова, негувател.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на Јавната установа Специјален завод - Демир Капија на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3496/2
21 јули 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1180.**

Врз основа на член 62 став 4 од Законот за Полициската академија ("Службен весник на РМ" бр. 40/2003), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ МАТИЧНА КОМИСИЈА

I.За членови на Матичната комисија која ќе изврши подготовки за почеток на работата на Полициската академија се именуваат:

1. генерал Ристо Галевски - директор на Центарот за образование на кадри за областа на безбедноста;
2. д-р Слнчомил Велјановски - редовен професор и декан на Факултетот за безбедност;
3. д-р Оливер Бачановиќ - вонреден професор на Факултетот за безбедност;
4. д-р Методија Анѓелески - редовен професор на Факултетот за безбедност;
5. д-р Трпе Стојановски - вонреден професор на Факултетот за безбедност;
6. Бранко Бојчевски - директор на Бирото за јавна безбедност;
7. Весна Доревска - помошник на министерот за правни и кадровски работи во Министерството за внатрешни работи.

II. Согласно член 45 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр. 64/2000), Матичната комисија ги врши подготвителните работи со кои се создаваат услови за почеток на работа на Полициската академија и во тие рамки:
- врши избор на наставници и соработници за сите наставни предмети предвидени во наставниот план, најмалку за првите две години на студии;
- решава за засновање работен однос со други лица и
- врши и други работи што и ги доверил основачот, што се од значење за почеток со работа на високообразовната установа.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15.1-36706/1
16 јули 2003 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Хари Костов**, с.р.

---

**1181.**

Врз основа на член 21-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02), министерот за транспорт и врски, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Член 1

Во Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2/02), по членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

"Член 3-а

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:
- Урбан блок е урбанистичка целина ограничена во принцип со постојни и/или планирани сообраќајници (по осовина на сообраќајниците), а во зависност од конкретната состојба на теренот може да биде ограничена (од една страна) и со речно корито или железничка пруга, со максимална површина до 30 хектари. Урбаниот блок се состои од минимум два урбани модули;
- Урбан модул е урбанистичка целина ограничена во принцип со постојни и/или планирани сообраќајници (по осовина на сообраќајниците), а во зависност од конкретната состојба на теренот може да биде ограничена (од една страна) и со речно корито, железничка пруга, ограда од комплекс со специјална намена или производни содржини, колско-пешачка или пешачка патека."

Член 2

Членот 11 се менува и гласи:

"Во зоната за домување определена со урбанистички план или општ акт, при планирањето на нови објекти за домување, доградба или надградба на постојните објекти, минималното растојание од најистурениот дел на планиран објект освен стреа, до границата на соседните урбанистички парцели односно до тротоарот на сообраќајницата изнесува една четвртина од планираната висина, но не помалку од 1,2 метри."

Член 3

Во членот 14, ставот 2 се менува и гласи:

"Коефициентот на искористување на земјиштето се утврдува како однос меѓу бруто развиената површина на сите нивоа над теренот (од влезното ниво) и површината на парцелата."

Ставот 3 се менува и гласи:

"При пресметувањето на коефициентот , висината на едно ниво (конструктивна висина) кај станбените објекти изнесува 3,00 метри, а кај деловни, јавни, угостителски и други објекти висината на едно ниво изнесува 3,20 метри."

Член 4

Во членот 15, ставот 1 се менува и гласи:

"Процентот на изграденост на локацијата во урбанистичките планови (однос меѓу бруто површината под објект и површината на парцелата помножена со 100), изнесува:
- за објекти за домување и станбено деловни објекти max. до 60%;
- за други објекти max. до 70%."

Член 5

Во членот 17, ставот 2 се менува и гласи:

"При планирање на содржини за јавни намени и стопански дејности на нови или на постојни комплекси, на една урбанистичка парцела можат да се планираат повеќе објекти во зависност од намената и технологијата."

Член 6

Членот 18 се менува и гласи:

"До секоја урбанистичка парцела се обезбедува еден пристап со возило од улицата на која таа се евидентира. Во случаи кога до урбанистичката парцела неможе да се обезбеди пристап со возило, особено во услови на планирање на коси терени, се предвидува пешачка патека."

Член 7

Во членот 20, ставот 1 се менува и гласи:

"Во урбанистичките планови и проекти, со градежни линии се ограничува максималната површина за изградба на објекти во рамките на урбанистичката парцела и се назначува растојанието од регулационата линија (главнанадворешна градежна линија), односно од границата на парцелата (помошни-внатрешни градежни линии)."

Ставовите 2 и 3 се бришат, а ставот 4 станува став 2.

Член 8

Во членот 24, ставот 4 се менува и гласи:

"При планирањето, максималната височина на новопредвидените семејни куќи може да изнесува 10,20 метри, а кај куќите со внатрешен двор може да изнесува 7,20 метри. Максималната височина на новопредвидените станбени објекти - структури изнесува 19,20 метри, а кај куќи поврзани во блок (максимум 6 куќи во низа) изнесува 13,20 метри. При утврдувањето на максималната височина на објектите, едно ниво во станбените објекти е со максимална височина (конструктивна височина) 3 метри."

Член 9

Во членот 36, ставот 2 се менува и гласи:

"За определување на минимален број на паркиралишни места се применуваат следните нормативи:

- за станбени објекти, на 100м$^2$ бруто површина, 1 паркинг место;
- за административно-деловни објекти и трговија на 50 м$^2$ 1 паркинг место;
- за магацини, индустрија на 120м$^2$ 1 паркинг место;
- за театар, кино и сл. за 10 посетители 1 паркинг место;
- за спортска сала, стадион за 20 посетители 1 паркинг место;
- за хотел, на 10 лежаи 1 паркинг место;
- за ресторан на 10 седишта 1 паркинг место;
- за болници на 10 лежаи 1 паркинг место;
- за пазар на 10м$^2$ 1 паркинг место."

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

"Подземното паркирање и/или гаражирање може да се реализира максимум на две нивоа со примена на рампи. Ако има планирано помалку од 8 паркинг места, а широчината на парцелата е до 14 метри може да се примени платформа."

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-5924/1
16 јули 2003 година
Скопје

Министер,
**Милаим Ајдини**, с.р.

---

**1182.**

Врз основа на член 4-г од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 93/01, 46/2002 и 24/2003), министерот за финансии, донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПРИХОДИ

1. Во Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи ("Службен весник на РМ" бр. 100/01, 15/02, 64/02, 82/02, 19/03, 28/03 и 32/03), во шифрарникот на уплатни сметки за јавни приходи, во дел I. Приходи на Републиката и на единиците на локалната самоуправа, во точката 7. Парични казни по посебни прописи, по редниот број 7, се додава нов реден број 8. кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| "8. | 840-5215 | парични казни за невоведување и некористење на фискална опрема | 722120" |

2. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-14722/3
14 јули 2003 година
Скопје

Министер,
м-р **Петар Гошев**,с.р.

**1183.**

Врз основа на член 37 и член 38 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02, 37/02 и 31/03), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на 23.07.2003 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На Тетекс Кредитна банка АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - трета емисија на 122.500 обични акции во вредност од 122.500.000 денари.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвиден со Законот и одлуките за трета емисија акции на Тетекс Кредитна банка АД Скопје бр. 02/04-01 и бр. 02/04-03 од 29.05.2003 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-810/8
23 јули 2003 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

---

Владата на Република Македонија, во Решението на Владата на Република Македонија број 17-3003/2 од 30 јуни 2003 година, објавено во "Службен весник на Република Македонија" бр. 47/2003, ја дава следната

## ИСПРАВКА

1. Во насловот на Центарот за образование на кадри за областа на безбедноста - Скопје, во целиот текст на Решението наместо зборот "од" треба да стои зборот "за".

2. Во точката 2 алинеја 1 од Решението наместо зборот "Николовски" треба да стои "Јовановски".

Влада на Република Македонија

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Основниот суд во Гостивар, по правната работа заради наплата на долг во износ од 16.152,00 ДЕМ во денарска противвредност на доверителот ППГПИТ "КОРАБ МЕРМЕР" - ДОО експорт-импорт Гостивар, кој предмет е заведен по И. бр. 191/2000, на должникот Алили Незир од с. Чајле, сега со непозната адреса во странство Р. Австрија, му се назначува привремен застапник и тоа Елези Ферат адвокат од Гостивар, кој ги има сите права на законски застапник по оваа постапка и кој ќе го застапува должникот се додека истиот не се појави пред судот, односно се додека органот за старателство не го извести судот дека на истиот му е поставен старател.

Од Основниот суд во Гостивар, И. бр. 191/2000.

(20460)

---

Основниот суд во Гостивар, по правната работа заради наплата на долг во износ од 15.000,00 ДЕМ во денарска противвредност на доверителот Бајрам Абдулфета од Гостивар, ул. "Младен Симоноски" бр. 87, кој предмет е заведен по И. бр. 2802/2000, на должникот Љочи Алпер од Гостивар, ул. "Борис Кидрич" бр. 84, сега со непозната адреса во странство Р. Чешка, град Левице, му се назначува привремен застапник и тоа Елези Ферат адвокат од Гостивар, кој ги има сите права

на законски застапник по оваа постапка и кој ќе го застапува должникот се додека истиот не се појави пред судот, односно се додека органот за старателство не го извести судот дека на истиот му е поставен старател.

Од Основниот суд во Гостивар, И. бр. 2802/2000.
(20461)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1979/2003 од 03.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02026973?-3-09-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма, содружник, запишување на Изјава за основање на Друштвото за консултантски услуги КПМГ Консалтинг Вилијам Драјздел и др. ДОО Скопје, ул. "Даме Груев" бр. 28.

Од друштвото истапуваат досегашните содружници КПМГ Бугарија ООД и Вилијам Драјздел, а во друштвото пристапува нов единствен содружник КПМГ Интернешенл Инвестментс Б.В. со седиште во Холандија, ул. "Бург Ријндерслаан" бр. 20, 1185 МЦ Амстелвен, Холандија.

Се менува називот на друштвото и новиот назив гласи: Друштво за консултантски услуги КПМГ Консалтинг ДООЕЛ Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1979/2003 (19243)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 963/2003 од 01.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02045945?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на назив и проширување на дејност во ВТП на Друштвото за трговија на големо, мало и услуги АЛЕКСАНДРИЈА М ДОО увоз-извоз Велес, ул. "Гоце Делчев" бр. 15, Велес.

Се менува називот на друштвото и ќе гласи: Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги АЛЕКСАНДРИЈА М ДОО увоз-извоз Велес.

Дејноста се проширува во внатрешен трговски промет со: 92.61, 92.62, 92.72.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 963/2003 (19244)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1699/2003 од 25.06.2003 година, во регистарската влошка бр. 02014339?-4-03-000, го запиша во трговскиот регистар запишувањето на Одлука за измени и дополнувања на Статутот, Одлуката за разрешување и именување на членови на НО на Фабриката за производство на амбалажа 30 Јули Акционерско друштво Куманово, ул. "11 Ноември" бб.

Запишување на Одлука бр. 02-640/4 од 02.04.2003 година за измени и дополнувања на Статут, Одлука бр. 02-640/6 од 20.04.2003 година за разрешување на Мите Николовски, Драги Димитриевски, Богица Андоновска, Добрица Трјковска, Мица Пачковска, Зоран Стојановски и Мирослав Спасовски од членови на Надзорен одбор, Одлука бр. 02-640/8 од 02.04.2003 година за именување на Ерато Палигора-Јонуз, Никола Палигора и Мите Николовски за членови на Надзорен одбор, Одлука бр. 02-640/7 од 02.04.2003 година за разрешување на Иван Арсовски, Станче Давидовска, Јоже Поповски, Бобан Додевски, Звонимир Бојковски, Драги Митевски, Богица Стојановска од членови на Управен одбор и Одлука бр. 02-641/2 од 02.04.2003 година за именување на Мирсад Јонуз, Милан Илиевски, Атанас Павлески, Иван Арсовски и Богица Стојановска за членови на Управен одбор и промена на лице овластено за застапување - Претседател на Управен одбор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1699/2003 (19247)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 2098/2003 од 25.06.2003 година, во регистарската влошка бр. 02003493?-3-03-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител на Друштвото за производство и промет УНИКАТ ДООЕЛ Скопје, ул. "Пандо Кљашев" бр. 44.

Се врши промена на управителот. Се брише Синиша Младеновиќ управител со неограничени овластувања, а се запишува Горан Стоилковски управител со ограничени овластувања.

Управителот има ограничени овластувања во правниот промет со трети лица и мора да има согласност од единствениот содружник за следните прашања: оттуѓување, спојување или поделба на друштвото како целина или делови од истото; стекнување, оптоварување со хипотека на недвижности и залог; преземање на кредитни обврски менични обврски и гаранции; да вработува или отпушта работници; да склучува договори за купопродажба и закуп; давање и отповикување на прокура и полномошна за одредени дејствија.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 2098/2003 (19250)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1513/2003 од 05.05.2003 година, во регистарската влошка бр. 02016417?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на назив и седиште на Друштвото за меѓународна шпедиција КАРГО ДООЕЛ Александар ДООЕЛ Скопје, ул. "Перо Наков" бб.

Се врши промена на називот и седиштето и во иднина ќе гласи: Друштво за меѓународна шпедиција КАРГО ДООЕЛ Скопје, бул. "Видое Смилевски Бато" бр. 1.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1513/2003 (19251)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 940/2003 од 23.06.2003 година, во регистарската влошка бр. 02033048?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма, истапување на содружник и пренос на удел на Друштвото за трговија и угостителство КОД Бранко и Јанош ДОО увоз-извоз Скопје, ул. "Партизански одреди" бр. 23.

Новиот назив на друштвото е: Друштво за трговија и угостителство КОД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. "Партизански одреди" бр. 23.

Кон друштвото пристапува содружникот Јанош Цепас од Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 940/2003 (19253)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 2495/2003 од 08.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02004828?-8-03-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управител на Трговското друштво за транспорт, шпедиција, промет и услуги МИТГО Ѓорѓија ДООЕЛ бул. "АВНОЈ" бр. 100/32, Скопје.

Се брише Сарагинов Владимир - управител без ограничувања, а се запишува Зоран Киров - управител без ограничувања.

Пречистен текст: Зоран Киров - управител без ограничувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 2495/2003 (19254)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1832/2003 од 08.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02008563?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето на субјектот на Друштвото за производство, промет и услуги МАК-АСИА Ризах експорт-импорт ДООЕЛ ул. "Маршал Тито" бр. 58, Скопје.

Се врши запишување на престанок на друштвото со Одлука од 15.05.2003 година и разрешување на ликвидатор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1832/2003 (19255)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1334/2003 од 04.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02006793?-8-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма, пристапување на содружник, запишување на Одлука на Друштвото за внатрешна и надворешна трговија и услуги МУЈО-КОМЕРЦ Муедин ДООЕЛ с. Желино, општина Желино.

Се менува фирмата на друштвото и ќе гласи: Друштво за внатрешна и надворешна трговија и услуги МУЈО-КОМЕРЦ ДОО с. Желино, Желино

Во друштвото пристапуваат содружниците Ибраим Усеини од с. Желино - Тетово и Шериф Хусеили од с. Желино - Тетово со Одлука од 03.04.2003 година.

Запишување на Одлука за зголемување на основната главнина од 03.04.2003 година и зголемување на основната главнина.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1334/2003 (19259)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 2573/2003 од 08.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02049884?-8-03-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управник на ВИДА Друштво за производство, трговија и услуги ДООЕЛ ул. “Водњанска“ бр. 4.

Се брише Зоран Пејковски - управител со неограничени овластувања, а се запишува Лепосава Стојчевска - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 2573/2003 (19262)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1561/2003 од 02.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02010411?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар припојувањето на Друштвото за производство, промет и услуги КЕСТЛИН МАК Зоран Стојаноски ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149/2-28.

Припојување на Друштво за промет и услуги ПИТРАН ПРОМЕТ Зоран и Калина ДОО увоз-извоз Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149/2-28 во Друштво за производство, промет и услуги КЕСТЛИН МАК Зоран Стојаноски ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149/2-28.

Новиот назив на друштвото е Друштво за производство, промет и услуги КЕСТЛИН МАК ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149/2-28.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1561/2003 (19264)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1562/2003 од 02.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02008918?-3-09-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето на Друштвото за производство, промет и услуги КЕСТЛИН МАК ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149/2-28.

Бришење на: Друштво за промет и услуги ПИТРАН ПРОМЕТ Зоран и Калина ДОО увоз-извоз Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149/2-28 кон Друштво за производство, промет и услуги КЕСТЛИН МАК Зоран Стојаноски ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. “Иво Лола Рибар“ бр. 149/2-28.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1562/2003 (19268)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1815/2003 од 27.06.2003 година, во регистарската влошка бр. 02042026?-3-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на содружник на Друштвото за трговија и услуги Х20 ДОО Скопје, ул. “Дебарца“ бр. 46.

Се разрешува управителот Шон Пол Алан Грифин-управител со целосно ограничени овластувања и се именува Бојана Стојанова-управител без ограничувања.

Досегашниот содружник ГО О и М истапува, а на негово место пристапува содружникот Тејада Трејдинг Лимитид од Никозија, Република Кипар.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1815/2003 (19274)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 2282/2003 од 07.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02011392?-8-01-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на фирма, промената на содружник, пренос на удел и промена на управител на Друштвото за трговија на големо и мало ЕНЃИ Есат ДООЕЛ експорт-импорт Дебар, ул. “8-ми Септември“ бр. 17.

Новиот назив на друштвото е Друштво за трговија на големо и мало ЕНЃИ ДООЕЛ експорт-импорт Дебар, ул. “8-ми Септември“ бр. 17.

Кон друштвото пристапува содружникот Ирфет Крчиште, а пристапува Есат Крчиште.

Се брише досегашниот управител Есат Крчиште, а се запишува новиот управител Ирфет Крчиште.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 2282/2003 (19275)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение П. Трег. бр. 1998/2003 од 11.06.2003 година, во регистарската влошка бр. 02027739?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главнина на Друштвото за производство, трговија, услуги и транспорт БИБАЈ-ЕКСПОРТ Ибрахим и др. ДОО експорт-импорт ул. “К. Ј. Питу“ бр. 15, Тетово.

Се брише Ибрахим Емини, а се запишува Емин Емини.

Главнината е зголемена за 722.400,00 денари или 11.843 ЕУР.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П. Трег. бр. 1998/2003 (19277)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение Срег. бр. 328/2003 од 26.06.2003 година, во регистарската влошка бр. 1-534-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лице на Народна библиотека “Феткин“ Ц.О. Кавадарци, ул. “7-ми Септември“ бр. 1.

Се брише Марија Боцева, в.д. директор, а се запишува Маричка Гечева в.д. директор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Срег. бр. 328/2003 (19279)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2748/03 од 02.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02052284?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДОО на Друштвото за трговија и услуги МЕГАДОДО 2 ДОО експорт-импорт Скопје, ул. “Партизански одреди“ бр. 1/10 лок.3, Скопје.

Полниот назив гласи: Друштво за трговија и услуги МЕГАДОДО 2 ДОО експорт-импорт Скопје, ул. “Партизански одреди“ бр. 1/10 лок.3, Скопје. Скратен назив гласи: МЕГАДОДО 2 ДОО експорт-импорт Скопје. Во надворешно трговскиот промет гласи: MEGADODO 2 LTD export-import. Седиштето на фирмата е во Скопје, на ул. “Партизански одреди“ бр. 1/10 лок. 3. Основачи: Наташа

Кузманоска од Прилеп, ул. "Радовишка" бр. 138, Сашо Кузманоски од Прилеп, ул. "Радовишка" бр. 138, Драган Накиќ од Скопје, ул. "Васко Карангелески" бр. 27/31 и Ненад Радоњанин од Скопје, бул. "ЈНА" бр. 15/3-7.

Дејности: 22.11, 22.12, 22.13, 22.14, 22.15, 22.21, 22.22, 22.23, 22.24, 22.25, 22.31, 22.32, 22.33, 45.21, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.25, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.64, 51.65, 51.70, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.22, 65.12/3, 70.11, 70.12, 70.20, 71.33, 71.32, 71.34, 71.40, 74.13, 74.14, 74.20, 74.20/1, 74.20/2, 74.20/3, 74.84, 92.32, 92.40, 93.05. Надворешна трговија: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи,посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, реекспорт, консигнација, застапување на странски лица, изведување на инвестициони работи во странство.

ДОО во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица ДОО одговара со целиот свој имот. Сашо Кузманоски - управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2748/2003. (19345)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2520/03 од 07.07.2003 година, во регистарската влошка бр. 02049087?-6-06-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето-престанок на Такси превоз ПОГЕ ТП Донев Ристо Горги ул. "Димитрија Чуповски" бр. 8-б, Скопје.

Се запишува бришење-престанок на трговецот - поединец на Такси превоз ПОГЕ ТП Донев Ристо Горги ул. "Димитрија Чуповски" бр. 8-б, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2520/2003. (19347)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Основниот суд Скопје II - Скопје, со решение III. Рег. Зг. бр. 60/03 од 16.07.2003 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го одобрува уписот на Здружението на граѓани Македонско-Француско онколошко друштво, со седиште во Скопје на ул. "Љубо Петровиќ" бр. 19.

Цели и задачи на здружението се: да ја унапредува и поддржува соработката помеѓу Република Македонија и Франција во областа на медицината и науката, во истражувањето и борбата против ракот, да поттикнува, реализира и унапредува секаков вид истражување во доменот на јавното здравје, особено сите видови биомедицински, епидемиолошки, фармаколошки истражувања во областа на борбата против ракот и тоа во форма на давање услуги, спроведување на едукативни и информативни акции наменети на медицинскиот персонал и на пациентите заради подобро дијагностицирање и подобар глобален третман на болеста. Активностите на здружението ги опфаќаат болните и нивното опкружување со цел да се подобри превенцијата и да се унапредува третманот на болеста, да помага при набавката на медицинска и истражувачка опрема која ќе овозможи унапредување на таа соработка, да помага во рамките на таа соработка за подобрување на терапевтски третман на пациентите заболени од рак, да го олеснува учеството на медицински и научни манифестации на членовите на друштвото.

Со денот на запишувањето во регистарот на здруженија на граѓани и фондации, Здружението на граѓани Македонско-Француско онколошко друштво, се стекнува со својство на правно лице.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, III. Рег. Зг. бр. 60/03. (20266)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје, со решение I. Рег. Зг. 52/03 од 10.07.2003 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го одобрува уписот на Здружението на граѓани Фудбалски клуб "Младост" со седиште во н. Ергеле - Скопје.

Цели и задачи на здружението се: подигање на спортското воспитување по пат на разни спортски активности, развивање на спортскиот дух на членовите, обезбедување и омасовување на спортот-фудбалот на територијата на населеното место н. Ергеле и пошироко, организирање и спроведување спортски натпревари.

Со денот на запишувањето во регистарот на здруженија на граѓани и фондации, Здружението на граѓани Фудбалски клуб "Младост" н. Ергеле - Скопје, се стекнува со својство на правно лице.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, I. Рег. Зг. бр. 52/03. (20417)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение од 14.07.2003 година, во судскиот регистар на здруженија на граѓани и фондации го запиша основањето на здружението на граѓани со назив Спортско здружение Тениски клуб "Маркови Кули" - Прилеп.

Цели и задачи на здружението се: планирање на работата на клубот, евидентирање и вклучување во здружението на лица кои имаат афинитет кон тениската игра, поттикнување и унапредување на тенискиот спорт, развој на тенискиот спорт, организирање и спроведување на тениски натпревари, организирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните преку играње на тенис, унапредување на стручната работа во областа на тенисот, учество во тениски асоцијации на ниво на општината и Републиката, заради создавање на услови за унапредување на тенискиот спорт, реализација на заеднички програмски активности со други тениски клубови и тениски асоцијации, следење на научните, теоретските и практичните сознанија од земјата и странство од областа на тениската игра преку учество на семинари, симпозиуми и конференции за прашањата од интерес за унапредување на квалитетот на тениската игра и информирање на пошироката јавност за делување на здружението и за постигнатите резултати на истото преку печатените и електронските медиуми.

Седиштето на спортското здружение е во Прилеп на ул. "Јоска Јорданоски" бр. 102 В, а истото се организира и делува на подрачјето на Република Македонија.

